ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-196/7

Дата: 22.02.2011

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „НИКОЛА КАРЕВ“ - ОХРИД

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Никола Карев” – Охрид - сметка на буџетот од самофинансирачки активности, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е направен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2003 година со оглед на тоа што дел од препораките се имплементирани, односно 43% се спроведени, 14% делумно се спроведени, во тек се 21% и 22% не се спроведени.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Државниот студентски дом „Никола Карев” – Охрид е констатирано следното:

- Не се применува сметководственото начело на парично искажување во деловните книги, поради што утврдена е неусогласеност на одделни позиции во деловните книги и финансиските извештаи; (точка 4.3.1);
- Не е извршен попис на материјалите и ситниот инвентар на начин пропишан во законската регулатива, не се донесени акти за начинот на вреднување на материјалите и ситниот инвентар, евидентирани се деловни промени (влез и излез) на залихите врз основа на неуредна и некомплетна документација, не

е извршено правилно разграничување на артиклите и постои неусогласеност на податоците во магационот и материјалното сметководство (точка 42.4 и 4.3.3);
- Не е извршено разграничување на набавките и издавањето на прехрамбените артикли и пијалоци наменети за студентите во однос на артиклите кои се користат за угостителски услуги од комерцијално работење, (точка 4.3.3. алинеја 6);
- Не се применува норматив за подготовка на јадења по единица производ и не е обезбедена евиденција на произведените и продадени готови производи преку мензата и кујната, поради што не можевме да се увериме во точноста и целосноста на трошоците на производството и приходите од продадени производи и стоки (точка 4.3.4);
- Не се платени обврските спрема државата и општината за данок на додадена вредност и туристичка такса, (точка 4.3.5);
- Евидентиран е приход од сместување и исхрана на домашни и странски гости врз основа на некомплетна и неуредна документација и извршена е наплата по пониски цени од цените утврдени во Одлуката од УО (точка 4.3.6);

Со цел подобрување на состојбата во Државниот студентски дом „Никола Карев” – Охрид ревизијата дава препораки во однос на примена на сметководствено начело на парично искажување, квалитетно организирање и извршување на пописот на залихите, донесување на акти и обезбедување на комплетна документација во врска со начинот на водење и евидентирање на залихите, воведување на евиденција за производството и готовите производи, издавање на материјалите согласно донесен норматив, плаќање на обврските према државата и другите институции и наплата на приход од комерцијалното работење со целосна документација согласно Одлуката од УО.

Обрнуваме внимание дека во ДСД „Никола Карев” – Охрид, на барање на МОН од 2008 година, обезбедени се четири работни простории во Домот и дадени се на користење на Бирото за развој на образованието при МОН, за што субјектот е задолжен за закуп на просториите во износ од 934 илјади денари, кој што не е платен, ниту признаен од субјектот. Ревизијата предлага да се преземат сите законски мерки за наплата на побарувањето во наредниот период.
ДСД „Никола Карев“ – Охрид има обврска за неплатена такса за привремен престој во вкупен износ од 305 илјади денари спрема Општина Охрид, од 2005 и 2006 година, која може да биде предмет на судски спор и да предизвика дополнителни расходи во наредниот период.

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Никола Карев” - Охрид (во понатамошниот текст ДСД „Никола Карев“ - Охрид) - сметка на буџетот од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2003 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на ДСД „Никола Карев“ - Охрид. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бесник Доко, ВД директор од 31.08.2007 година до 07.10.2009 година.
- Марјан Ристески, ВД директор од 07.10.2009 година до 22.06.2010 година, од кога е именуван за директор на ДСД „Никола Карев“ - Охрид.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСД „Никола Карев“ - Охрид се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не го применува сметководственото начело на парично искажување, не е

организиран и извршен квалитетен попис на залихите, и не е обезбедена комплетна документација во врска со начинот на водење и евидентирање на залихите. Не е воведена евиденција за производството и готовите производи, не се платени обврските према државата и другите институции и остварен е приход од комерцијално работење со други лица за што не е обезбедена релевантна документација.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.11.2010 до 27.12.2010 година кај Државниот студентски дом „Никола Карев” - Охрид од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.
Статусот на постаување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата | 2003 | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 6 | 43% |
| Делумно спроведени | 2 | 14% |
| Во тек | 3 | 21% |
| Неспроведени | 3 | 22% |
| **Вкупно** | **14** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 07.12.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 17.01.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-196/2 од 17.01.2011 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Наодите кои се изнесени во точка 4.1.1. од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со воспоставување на организациска структура и процедури за работа и контрола во ДСД „Никола Карев“ – Охрид, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

### 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Наодот изнесен во точка 4.2.1. од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со недонесен акт (правилник) за пресметка на платите и другите надоместоци на вработените во Домот, се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности, од која се исплатени плати и надоместоци во износ од 3.946 илјади денари.

4.2.2 Во досегашното постоење на ДСД „Никола Карев“ - Охрид нема формирано Совет за станари, што не е во согласност со чл. 36 и 37 од Статутот, според кој е предвидено членовите во Советот за станари да се избираат од студентите сместени во Домот и да бројат 5 члена со мандат од 1 година. Формирањето на ваков орган во студентскиот дом е од посебна важност од аспект на превземање мерки за подобрување на условите за живеење во Домот со што би се обезбедило и квалитетно извршување на основната дејност на Домот, обезбедување на услови за сместување и храна на студентите, обезбедување услови за учење, здравствена заштита и други културни и спортски активности.

**Препорака**

Надлежните органи на ДСД „Никола Карев“ - Охрид да иницираат формирање на Совет за станари и истиот да ги извршува своите задачи согласно Статутот на студентскиот дом.

4.2.3 Директорот на ДСД „Никола Карев“-Охрид, за учебната 2008/09 и за учебната 2009/10 година нема изготвено и доставено на УО, предлог цени за сместување и исхрана на студентите во Домот, врз основа на извршена анализа на податоците за реалните трошоци во Домот, што не е во согласност со член 39 став 1 ал. 7 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард. Согласно член 37 став 2 од Законот и член 12 од Статутот, УО на Домот е должен предлог цените по нивно усвојување да ги достави до МОН, а според член 37 став 1 од Законот, МОН е должно да ги извести и да донесе акт – решение за утврдување на цената земајќи го предвид предлогот на УО. Ваквиот начин на работење има влијание на висината на остварениот приход од студентите.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Никола Карев“ – Охрид, да изготвува и доставува до УО, предлог цени за сместување и исхрана на студентите во Домот, врз основа на реални трошоци на услугите, а по нивното усвојување да бидат доставени на рзгледување до МОН.

4.2.4 ДСД „Никола Карев“ – Охрид не ги применува во целост одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници при вршењето на попис на материјалите и ситниот инвентар, што влијае на реалното и објективно прикажување на средствата во Билансот на состојба, поради следното:

- Пописните листи за извршен физички попис не се потпишани од комисијата за попис на средства и материјали, ниту од лицата задолжени за ракување и евидентирање на истите.
- Пописната комисија нецелосно ја извршила задачата, односно не ги пополнила сите пописни листи, и не изотвила извештај за попис.
- Утврдени се разлики во количините на одделни артикли помеѓу фактичката состојба од физичкиот попис и состојбата во конечните пописни листи за мензата и кујната.
- Даден е предлог за расход на ситен инвентар кој што не е најден на лице место, односно утврден е кусок, кој што ЦПК го предлага за расход, без

испитување на причината и одговорноста на лицата кои ракувале со него, во вкупна вредност од 158 илјади денари.

- Во текот на 2009 година извршен е вонреден попис на магацините (менза и пијалоци, потрошен материјал, средства за хигиена и шанк), за што се составени конечни пописни листи кои не се потпишани од комисијата.

Наведеното не е во согласност со одредбите од член 30, 31-а и 33 од Правилникот и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради што ревизијата изразува неувереност во објективноста и реалноста на утврдената залиха.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Никола Карев“ – Охрид да преземе мерки за квалитетно организирање и извршување на пописот на залихите на материјалите и ситниот инвентар на залиха и во употреба, согласно законските прописи.

4.2.5 Наодите кои се изнесени во точка 4.2.2, од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со невоспоставена внатрешна сметководствена контрола, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1 Ревизијата констатира неусогласеност на одделни позиции во активата и пасивата во Билансот на состојба на сметката на буџетот од самофинансирачки активности за 2009 година, поради непроменување на сметководственото начело на парично искажување и спроведени несоодветни книжења во деловните книги во изминатиот период и во 2009 година. Остварениот вишок на приходи – добивка пред оданочување за 2009 година не е усогласен со паричните средства за износ од 192 илјади денари и вредноста на државниот јавен капитал со сегашната вредност на материјалните средства за износ од 155 илјади денари.

Наведеното не е во согласност со чл. 12, 14, 18 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат необјективно и нереално прикажување на наведените билансните позиции.

**Препорака**

Одговорните лица за сметководствено-финансиски работи да извршат корекција на билансните позиции врз основа на спроведени книжења во деловните книги согласно сметководственото начело на парично искажување.

4.3.2 Со ревизијата на паричните средства во благајната е утврдено дека за исплатените средства од благајната не се изготвуваат документи (каса исплати) и сметководствените документи приложени кон благајничкиот извештај не се потпишани од одговорниот сметководител и не се контролирани од овластено лице (ликвидатор). Согласно наведеното, кај субјектот не е обезбеден систем на внатрешна контрола со располагањето на готовината, не е извршено разграничување на одговорноста и обезбедена евиденција за прометот на парите, како што е предвидено со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквото работење создава ризик од ненаменско користење на паричните средства.

**Препорака**

Одговорните лица за сметководствено-финансиски работи да обезбедат евидентирање на финансиските трансакции преку благајните врз основа на уредна и комплетна документација и контрола на работењето со паричните средства.

4.3.3 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаната вредност на залихите во деловните книги и финансиските извештаи за 2009 година, поради следното:

- Домот нема донесено одлука за начинот на вреднување на залихите на материјалите и ситниот инвентар на залиха и во употреба.
- Не е донесен Правилник за кало и растур, иако според видот на материјалите, во најголем дел се работи за прехрамбени производи за подготовка на јадења.
- Во финансовото и материјалното сметководство не е искажана залиха на гориво иако нафтата не е потрошена целосно со 31.12.2009 година, а според пописната листа од ЦПК измерена е нафта во сантиметри од 72 цм односно искажано во литри изнесува 12.500 литри. Со пресметка по цена од 31,50 денари по литар вредноста на залихата на гориво изнесува 394 илјади денари, кој што износ требало да биде искажан во деловните книги и ФИ на 31.12.2009 година.

- Приемот и издавањето на материјалите се врши врз основа на некомплетна и неуредна документација (приемници и требувања) која не ги содржи сите елементи за потврдување на веродостојноста на настанатите промени на залихите (броеви на стокови картони, потписи од задолжените лица, материјален сметководител, контролор-ликвидатор, и одговорен сметководител).
- Магационерот води стокови картони, во кои не е извршено правилно разграничување на артиклите според видот и единечната мерка, ниту истите се усогласени со податоците во материјалното сметководство. Стоковите картони се во помал број во однос на отворените материјални картици по артикли.
- Не е извршено разграничување на набавките и издавањето на прехрамбените артикли и пијалоци наменети за исхрана на студентите во однос на оние кои се користат при вршење на угостителски услуги за надворешни гости во летниот период.

Недонесените акти и неуредната и некомплетна документација во врска со начинот на водење и евидентирање на залихите не е во согласност со член 6 до 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради што постои ризик од несовесно и незаконско работење од лицата задолжени за ракување со залихите.

**Препораки:**
- Одговорните лица во ДСД да ги донесат интерни акти заради правилно евидентирање и искажување на залихите.
- Да се обезбеди евидентирање на деловните промени на залихите во финансовото и материјалното сметководство врз основа на комплетна и уредна документација.
- Да се искажува залиха на гориво во деловните книги и финансиските извештаи врз основа на фактичката состојба за одреден пресметковен период.
- Да се врши усогласување на сите податоци внесени во стоковите картони и материјалните картици при евидентирањето на залихите кај магационерот и материјалниот сметководител преку воведување на интерен систем на контрола.
- Да се врши разграничување на набавките и потрошокот на прехрамбените продукти и пијалоци за спремање на исхрана на студентите од артиклите и пијалоците кои се наменети за обавување на угостителските услуги за комерцијално работење.

4.3.4 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на издадените количини на прехрамбени артикли во вредност од 3.115 илјади денари и количината на произведени и продадени готови производи во кујната и мензата, поради следното:

- Во деловните книги не се спроведени соодветни книжења за процесот на производство и подготовка на храна во производните места, односно издавањето на материјалите дадени во обработка и доработка не се евидентираат преку производство и готови производи на соодветните сметки, што не е во согласност со член 40 и 41 од Правилникот за содржината на конта во контниот план за буџетските корисници и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Припремањето на готови јадења за студентите не се врши врз основа на норматив и мени (ручек и вечера со видови на готови јадења), а припремањето на готови јадења за гостите во летниот период не се врши врз основа на посебна калкулација односно мени и норматив за гости.
- Задолжувањето и раздолжувањето на кујната и мензата, се врши само материјално, врз основа на требуваните продукти, при што требовањата не се изготвени на база на дневно мени и според норматив за подготовка на јадења. Не се врши вредносно задолжување и раздолжување врз основа на изработени калкулации за вкупно приготвена и издадена, односно продадена храна.
- Се врши припрема и издавање на храна и за персоналот што не е во согласност со извршувањето на основната дејност на Домот и има за ефект потрошени средства за исхрана на вработените на терет на Буџетот на РМ.

Поради неприменување на нормативот на јадења во кој се содржани потребните артикли за подготовка на единица производ, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на издадените материјали за производство на готовите производи, а со тоа и во количината на произведени и продадени готови производи. Ваквата состојба има влијание на реалноста и објективноста на прикажаните залихи на материјали и готовите производи и остварените приходи од продажба.

**Препорака**

Одговорните лица за сметководствено-финансиски работи да воведат сметководствена евиденција за производството на јадења и готовите производи, а издавањето на материјали да се врши согласно норматив како основа за потрошените суровини и материјали и утврдување на бројот на произведените готови производи.

4.3.5 Во деловните книги и Билансот на состојба за 2009 година искажани се обврски спрема државата и другите институции во вкупен износ од 1.398 илјади денари, по основ на обврски за данок на додадена вредност во износ од 1.067 илјади денари и обврски за туристичка такса од 331 илјади денари. Обврската за ДДВ произлегува од задолжувањето на Домот по записник и решение од извршена контрола од УЈП – Регионална дирекција Битола во 2003 година за непресметан и неплатен ДДВ на приходот од извршените угостителски услуги. ДСД „Никола Карев“ – Охрид обавува угостителска дејност (сместување и исхрана на гости) како дополнителна дејност на Домот од основањето до денес, но истиот не е регистриран даночен обврзник иако остварува промет од услуги кои подлежат на оданочување во износ од над 1.000 илјади денари на годишно ниво. Домот не издава фискални сметки за извршените угостителски услуги и не пресметува ДДВ на извршениот промет на услуги што не е во согласност со член 3 и 35 од Законот за угостителска дејност и член 2, 9, 10 став 2 и 51 став 1 од Законот за данок на додадена вредност што има за резултат непресметан и неуплатен ДДВ на државата.

Во 2004 година поднесена е пријава за регистрирање на Домот за даночен обврзник, на која што не е добиен писмен одговор од УЈП (од извештајот на ДЗР за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2003 година).

**Препораки:**

- Одговорните лица во ДСД „Никола Карев“ – Охрид да преземат активности за регистрирање на Домот како даночен обврзник преку сметката на буџетот од самофинансирачки активности кој ќе пресметува и уплатува ДДВ на приходот остварен од извршените угостителски услуги на гости.
- За остварениот готовински промет од извршените услуги да издава фискални сметки.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.6 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на евидентираниот приход од наплата за извршените угостителски услуги (сместување и исхрана) на домашни и странски гости во 2009 година во вкупен износ од 2.468 илјади денари, согласно Одлуката за утврдување на цени на пансионски и ресторански услуги за комерцијално работење, во летниот период и во текот на годината, поради следното:

- Со поголем број од корисниците на услуги нема склучено договор за сместување и исхрана во Домот, како и за изнајмување на салата за разни

свечености со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни согласно Законот за облигационите односи.

- Дел од сметките по кои се врши наплата не се комплетни (број на изнајмена соба, цена за ноќевање, број на користени пансиони, полупансиони и туристичка такса).
- При користење на точка 13 од Одлуката, со која му се дава право на овластениот претставник на Домот (директорот) да врши отстапки од утврдените цени доколку тоа е во интерес на Домот, отстапувањето од овие цени не се потврдува со никаков интерен акт (решение или одлука) во која би се образложиле причините за пониските цени по кои е наплатено.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37-б од Законот за буџетите што има влијание на висината на остварениот приход од угостителските услуги и создава можност од злоупотреба при формирањето на цените за комерцијално работење односно незаконско работење на Домот.

**Препорака**

Одговорните лица за пресметување и наплата на приходот од извршените угостителски услуги на гости да се придржуваат на утврдените цени во Одлуката донесена од УО, а одредбата од точка 13 да се применува во исклучителни случаи со посебно писмено образложение од овластениот претставник на Домот, при што за услугите да се склучуваат договори со корисниците на услуги, а книжењата во деловните книги да се вршат врз основа на комплетна и целосна документација.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

4.4.1 Наодите кои се изнесени во точка 4.4 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со утврдените констатации за поединечни неправилности во спроведување на постапките за јавни набавки и неправилности при реализацијата на договорите за јавни набавки, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности од која се врши делумно финансирање на набавките.

4.4.2 Во 2009 година исплатени се средства од сметката на буџетот од самофинансирачки активности, во вкупен износ од 242 илјади денари, за набавка на производи (стоки) од неколку добавувачи, за кои не е спроведена

постапка за јавна набавка, а се однесуваат на: набавка на алкохолни и безалкохолни пијалоци во износ од 136 илјади денари, набавка на потрошен материјал до 31.07.2009 година во износ од 48 илјади денари и набавка на плочки за монтирање во износ од 58 илјади денари.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од член 16 од ЗЈН со што не се обезбедува транспарентно работење и еднаков третман на економските оператори и создава можност од нерационално и ненаменско трошење на средства.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСД „Никола Карев“ – Охрид во наредниот период, пред извршувањето на набавките на стоки и услуги, да преземат мерки за спроведување на соодветни постапки за јавни набавки согласно одредбите од ЗЈН.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2.4, 4.3.1, 4.3.3, 4.3.4, 4.3.5 и 4.3.7, кои се однесуваат на неизвршен попис на материјалите и ситниот инвентар на начин пропишан во законската регулатива, неприменување на сметководственото начело на парично искажување во деловните книги, недонесени акти за начинот на вреднување на материјалите и ситниот инвентар, евидентирани деловни промени (влез и излез) на залихите врз основа на неуредна и некомплетна документација, неправилно разграничување на артиклите и неусоласеност на податоците кај магационерот во однос на материјалниот книговодител, неизвршено разграничување на набавките и издавањето на прехрамбените артикли и пијалоци наменети за студентите во однос на артиклите кои се користат при вршење на угостителски услуги од комерцијално работење, не се применува норматив за подготовка на јадења по единица производ и не е обезбедена евиденција на произведените и продадени готови производи преку мензата и кујната поради што не можевме да се увериме во точноста и целосноста на трошоците на производството и приходите од продадени производи и стоки, неплатени обврски спрема државата и другите институции (данок на додадена вредност и туристичка такса), евидентиран приход од сместување и исхрана на домашни и странски гости врз основа на некомплетна и неуредна документација и извршена наплата по пониски цени од цените утврдени во Одлуката од УО, ревизијата не изразува уверување за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ДСД „Никола Карев” - Охрид - сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДСД „Никола Карев” - Охрид - сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

### Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Обрнуваме внимание на следното:

- На барање на Министерството за образование и наука со датум од 4.09.2008 година, обезбедени се четири работни простории во Домот и дадени се на користење на Бирото за развој на образованието при МОН. Со решение од ВД директорот, од 28.11.2008 година, за подмирување на трошоците направени од страна на Бирото, а врз основа на претходно донесена Одлука од УО, Бирото е задолжено за закуп на просториите со месечен паушал од 62 илјади денари, почнувајќи од месец октомври 2008 година, за што се издадени фактури во 2008 и 2009 година. Истите не се платени од страна на субјектот поради што долгот на 31.12.2009 година достигнал износ од 934 илјади денари. На ден 08.07.2010 година, врз основа на Одлука од УО, бр. 02-302 од 08.07.2010 година, склучен е договор помеѓу ДСД „Никола Карев“ – Охрид и Бирото за развој на образованието за користење на просториите со месечен паушален износ од 40 илјади денари. Со примена на алтернативна метода по пат на конфирмација, утврдено е дека субјектот не го признава долгот од 934 илјади денари, иако просториите се користени во изминатиот период. Со пописот за 2009 година не е донесен предлог и одлука за понатамошно постапување по однос на ненаплатеното побарување од Бирото за развој на образованието, ниту пак е

донесена одлука во текот на 2010 година. Ревизијата предлага да се преземат сите законски мерки за наплата на побарувањето во наредниот период.

- ДСД „Никола Карев“ – Охрид има обврска за неплатена такса за привремен престој во вкупен износ од 305 илјади денари према Општина Охрид, која потекнува од 2005 и 2006 година, по извршена контрола и задолжување од страна на Општинскиот инспекторат - Општина Охрид. На увид на ревизијата дадена е опомена бр 17-6-1275 од 26.10.2007 година со која Општинскиот инспекторат го известува и го задолжува Домот во рок од 8 дена да ја измири неплатената обврска по основ на туристичката такса, во спротивно ќе поведе барање за прекршочна постапка согласно Законот за такса за привремен престој, до Основниот суд во Охрид и ќе достави тужба до надлежниот суд за наплата на долгот со камата и судски трошоци на товар на ДСД „Никола Карев“ – Охрид. До денот на ревизијата останува неплатен долгот према Општина Охрид, а на ревизијата не се доставени други податоци и документација во врска со понатамошната постапка и активности од страна на Општина Охрид, односно дали и какви мерки се преземени или ќе се преземат во наредниот период чиј што ефект би бил исплата на средства со камата на товар на домот и државата.

Скопје, 22.02.2011 година



1. ________________
2. ________________
3. ________________

________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 8.401 | 8.100 |
| Трансфери и донации | 94 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **8.495** | **8.100** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.946 | 2.176 |
| Стоки и услуги | 4.389 | 5.030 |
| **Вкупно тековни расходи** | **8.335** | **7.206** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 26 | 316 |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **8.361** | **7.522** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **134** | **578** |
| | | |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 16 | 60 |
| | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **118** | **518** |
| | | |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | **134** | **578** |
| Дел од нето вишокот на приходи за покривање на загубата | 0 | 424 |
| Дел од нето вишокот на приходите-добивката за повраќај на буџетот односно фондот | 0 | 0 |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 118 | 94 |
| Обврски за данок на добивка | 16 | 60 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **134** | **578** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | | 326 | | 285 |
| Побарувања | | 3.052 | | 1.160 |
| Побарувања од вработените | | 7 | | 7 |
| Активни временски разграничувања | | 7.452 | | 4.469 |
| Залихи | | 58 | | 166 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.895** | | **6.087** |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | | 348 | | 380 |
| **Вкупно постојани средства** | | **348** | | **380** |
| **Вкупна актива** | | **11.243** | | **6.467** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 5.528 | | 2.600 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 1.398 | | 1.410 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 16 | | 60 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 562 | | 482 |
| Пасивни временски разграничувања | | 3.178 | | 1.262 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.682** | | **5.814** |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | | 561 | | 653 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **561** | | **653** |
| **Вкупна пасива** | | **11.243** | | **6.467** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **487** | **166** | **653** |
| **Зголемување по основ на:** | **97** | **4.091** | **4.188** |
| Набавки | 26 | 4.091 | **4.117** |
| Платен данок од добивка | 60 | - | **60** |
| Ревалоризација на капитални | 11 | - | **11** |
| **Намалување по основ на:** | **81** | **4.199** | **4.280** |
| Отпис на обврска | 12 | - | **12** |
| Издавање на материјали и ситен инвентар во употреба | - | 4.199 | **4.199** |
| Амортизација | 69 | - | **69** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **503** | **58** | **561** |